ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден 11.7.2011 година во 9.00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

Присутни : Градоначалник **Арсенчо Алексовски**, Раководител на Одделение за правни и општи работи **Јаготка Николовска,** Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија **Душко Арсовски**, Раководител на одделение за финансирање, буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот **Татјана Ѓоргиевска,** Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина **Добривој Николовски** Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Александар Ангелов** Раководител на одделение за инспекциски надзор **Бранко Велиновски** Директор на ЈП КОМУНАЛЕЦ **Цане Николовски,** Советник Никола Граматиков и Советник Игор Додевски .

**Дневен ред :**

- Разгледување на реализација на тековни задолженија
- Дискусија и Насоки за реализација на задолженија
- Разно

## ЗАКЛУЧОЦИ

**Одделение за правни и општи работи**:

Координаторите на политичките партии да се известат за дополнителна точка на дневен ред за Седница на Советот на општина Крива Паланка, одлука за избор на најповолен понудувач по отворен повик 02/2011 за доделување на договор за јавно приватно партнерство за изградба на административно- деловен објект. *Биљана Тасевска. 11.7.2011 г.*

- Во врска со спроведената лицитација за продажба на предмети кои произлегле од реновирање на школите да се изготви извештај од продажбата, и да се види за отстапување на преостанатите предмети кои произлегуваат од реновирање на сите школи на физички лица корисници на социјална помош. *Јаготка Николовска/ комисија 11.7.2011 г. во текот на неделата*
- Да се изготви Формално решение за Комисија за јавно надавање согласно на Законот за градежно земјиште. Покрај државните службеници со овластување за водење на постапка за

отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште сопственост на Р. Македонија да се наименуваат и Кире Велевски и Блаже Илиевски. *Игор Додевски 11.07.2011*

- Да се подготви документацијата за нотарска заверка на договорот за донација на возилото за отпад и примопредавање на возилото. *Игор Додевски среда 13.07.2011 координација со ЈП Комуналец*

За седница на Совет да се подготви Одлука за предавање на цевководот за снабдување за вода за пиење на локалитет – Метоф – с. Дурачка Река на ЈП Комуналец како дополнителна точка на дневен ред *11.7.2011 Јаготка Николовска. За седница на совет.*

- Да се изготви решение за второстепена комисија за одлучување по жалби за комунални работи и градежна инспекција *состав на комисијата Добривој Николовски, Игор Додевски, Никола Граматиков 11.07.2011*
- Во поглед на увид на лице место од страна на комисијата за легализација на бесправно изградени објекти да се направи план за користење на комбето. *тековно*

Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина

Да се информира јавноста преку средствата за јавно информирање Златен Канал Еко Радио, Веб страната на општината околу постапката за легализација на бесправно изградени објекти. *Координација со Никола Граматиков 11.07.2011.*

Да се направи согледување и координација за потебата од јавна набавка за избор на понудувач за изработка на програма за поставување на времени објекти, а во корелација со едногодишна програма за работа во областа на располагањето со градежното земјиште сопственост на Република Македонија, *Добривој Николовски 11.7.2011 – комисија за јавни набавки, комисија за јавно надавање согласно на Закон за градежно земјиште*

- Да се контактира за изработка на анекс проект за доградба на спортска сала на ОУ Ј. Крчовски. *Добривој Николовски 11.7.2011*
- Да се направи согледување на можноста за доградба на постојното музичко училиште на ул. Илинденска. *Добривој Николовски тековно*
- Да се достават податоци за слободни градежни парцели сопственост на Р. Македонија за израдба на објекти во општина Крива Паланка а за потребите за изработка на Програмата согласно на законот за градежно земјиште. *Добривој Николовски 11.7.2011 во координација со другите одделенија во општината и Комисијата*
- Со Министерството за животна средина и просторно планирање да се контактира во поглед на обезбедување на согласност за Елаборат за влијание на животна средина на деталниот урбанистички план за урбан блок стар Пролетер. *Добривој Николовски 11.7.2011*

Одделение за финансирање, буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот

- Да се направи согледување за Надоместокот за поставување на тезги и да се утврди најдобриот начин за определување на истиот (по метар квадратен, за одреден број на денови или слично) Да се вметне за Седница на Совет како дополнителна точка на дневен ред. *Татјана Ѓоргиевска 11.07.2011*
- Договорите за доделување на стипендии на средношколци и студенти да се разгледаат во поглед на износот на стипендијата. *Татјана Ѓоргиевска 11.07.2011*
- Да се види за достава на Данок на имот до физички лица 11.7.2011

Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија

- Да се оствари контакт со Директорите на Основните Училишта за дополнителни средства за реновирање на училиштата. *Душко Арсовски Координација со одд за финансии*
- Согледување со колку комјутери се располага и за можноста од прераспределување на компјутери во рамки на општината според потребите. *Слаѓана Мицевска, Антонио Давитковски, Игор Додевски координација со одд. за финансии*
- Во врска со организацијата за средбата Краиште 2011 година, известување дека се пуштени дописи до надлежните институции. Да се организира состанок на 11.07.2011 година во врска со поставување на шатор и реализација на др. потребни активности за настанот. *Душко Арсовски Комунални Редари, Зоран Павловски 11.07.2011.*
- За меѓународниот Фолклорен Фестивал да се поканат Музичарите од Сан Пиетро Натисоне Италија. *Координација со Игор Додевски 11.7.2011*
- Во поглед на Проект со кој ќе се аплицира да се утврди согласно на повикот за прекугранична соработка преку ИПА -2 програмата, дали може да се врши пробивање на патишта или важи само за постојни како и да се направи согледување дали има нерешени имотноправни прашања и доколку постојат да се даде предлог решение. *Душко Арсовски координација со останатите одделенија. итно*
- Да се направи согледување и да се преземат активности околу изготвување на проект за реновирање на Големата сала при општина Крива Паланка. *Душко Арсовски , во текот на неделата*

Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура

Известување за состојбата со роковите за изготвување на проектите за локални патни правци финансирани од страна на ИПАРД фондот, каде постои пробивање на рокот да се достави известување за раскин на договорот *11.7.2011/ Александар Ангелов координација со Биљана Тасевска. Во текот на неделата да се спроведе*

Да се ивврши согледување за потребата од ангажирање на геометри кои поседуваат ГПРС уреди за користење на истите на локалниот пат Кр. Паланка – Манастир Св. Ј. Осоговски (од мотел Македонија). *13,07,2011 Александар Ангелов координација со Душко Арсовски*

Известување до населението од Скрљавски дол за подигање на Шасијата . *11.07.2011 Александар Ангелов.*

Известување дека се поставени знаци за означување на успорување на сообраќај *Никола Граматиков* 11.7.2011

Да се контактира и продолжи со активностите и постапката за асфалтирање на нов крак на Св. Ј. Осоговски како и да се види за тротоарите кај зградата за социјални станови. *Континуирано* .

Обезбедување на материјали за поставување на ограда кај влезот на ОУЈДГ Детелинка и за поставување на Пинг-Понг Маси *Александар Ангелов Координација со ЈП Комуналец 11.07.2011 + континуирано*

За Чистење на пропустите на Магистралниот пат кој е во надлежност за одржување на Македонија Пат, да се провери дали е доставен одговор по ургенцијата и по потреба да се закаже состанок. *Александар Ангелов 11.07.2011*

Да се види за превод на фишеата на англиски јазик за Апликација за проектот "Водоснабдување и одведување на отпадни води " кои треба да се поднесат до Министерство за транспорт и врски. *Комисија континуирано*

Да се соберат информации за овластени фирми за изготвување на проект за секундарна мрежа лев брег и водовод Змаевац. Да се види за цени и скица *Александар Ангелов 11.7.2011*

Во поглед на изготвување на проектите да се направи согледување и координација за кои Јавни набавки ги врши ЈП Комуналец а за кои општина . *Александар Ангелов 11.07.2011 Координација со ЈП Комуналец*

Јавна Набавка за изготвување на проект за регулација на атмосферска вода од патот што се врти кон село Кошари до Осички мост. *11.07.2011 Александар Ангелов*

Да се остварат контакти и веднаш да се преземат активности за ослободување на плацот на поранешен Тигар позади МАЈ Маркет за да се пристапи кон уредување на паркиралиште со бекатон плочи11.07.2011 Александар Ангелов координација со ЈП Комуналец.

- До населението да се пушти допис за потрупување на цевководот за снабдување за вода за пиење на локалитет – Метоф – с. Дурачка Река. 11.7.2011 *Александар Ангелов*
- Да се контактира со ГИМ и да се бара дали е можна корекција на основниот проект за изградба на улицата покрај лева страна на Дурачка Река и да се закаже и оствари состанок. 11.7.2011 *Александар Ангелов*
- Да се изготви проект за постојната состојба на ул. Коце Металец и да се поднесе барање за одобрение за адаптација на истата.
- Да се поведе постапка за обезбедување на комунална службеност и постапка за експропријација за објектите (водовод и канализација) чии траси поминуваат преку приватен имот, а кои ќе бидат предмет за пополнување на фишеа за Апликација за проектот "Водоснабдување и одведување на отпадни води " за барање на средства. *Веднаш да се преземат тековни активности*
- Во координација со месно население од с. Конопница да се изврши ископ на дупки за поставување на ограда на игралиштето. *Никола Граматиков, Координација со ЈП Комуналец во текот на неделата.*
- Сите одделенија во општината да достават до комисијата податоци потребни за изработка на Програмата согласно на законот за градежно земјиште. Комисијата да оствари контакт со ЗЕЛС во поглед на софтверот. *Комисијата континуирано*

Одделение за инспекциски надзор

Известување за реализација на активностите во врска со легализација на бесправно изградените објекти дека информирањето и доставата се извршени на подрачјето на Домачки Дол и Ристена Гогова. При известувањето да се даде подобро објаснување за начинот, субјектите и други околности околу легализацијата. *Бранко Велиновски , Комунални Редари, 11.07.2011*

Известување дека е извршено доставувањето на дописи во врска со одбележување на речното корито за отстранување на нелегалните објекти. *Бранко Велиновски Комунални Редари 11.07.2011*

Да се изврши прочистување на патот и сечење на шумската вегетација покрај патот накај манастирот Св. Ј. Осоговски. Да се пушти известување до ЈП Македонски Шуми. *11.07.2011*

Да се обезбедат работници од Центар за социјална работа за прочистување накај Манастир и за шумска вегетација покрај магистралниот пат *11.07.2011. координација со ЈП Комуналец.*

Да се назначи лице за вршење на работи од областа на техничка инспекција по барање на Министерство за економија Државен инспекторат за техничка инспекција. *Коста Пеевски координација со одд. за правни и општи работи 11.07.2011 г.*

Да се воведе работа во втора смена за контрола на штедење на вода поради високите температури и несовесното користење на вода во овој период . *Комунални редари тековно*

Известување за извршен увид за потребни 40 капаци на шахти на магистралниот пат

ЈП КОМУНАЛЕЦ

Во текот на неделата да се заврши прочистувањето на шахтите на магистралата во соработка со *Одд. за комунална инфраструктура. 11.07.2011 + да се заврши во текот на неделата.*

Да се изврши примопредавање на возилото за отпад со НВО Амбрела *Среда 13.07.2011 г*

Да се одредуват локации за поставување на чешми во секоја населба да се даде известување за локациите, и да се отпочне со поставување на истите *11.07.2011 тековно да се отпочне со реализација*

Отклонување на дефект на водовод во с. Конопница – маала Трнци , итно да се контактира со економскиот оператор за отклонување на дефект на пумите за црпење на вода *11.07.2011*

Известување дека поради големите температури и несовесното користење на вода во овој период е неопходно да се започне со рестрикции на вода како и да се врши позасилена контрола од страна надлежните инспекции на трошењето на вода. Да се даде известување до медиумите и информација до Совет на општината. Да се изготви план за рестрикциите поради недостаток на вода во Лозаново поради тесно грло, Маневци, Илинден и др. места особено висока зона. Известување дека е направена анализа на водата и дека истата е во исправна состојба. 11.07.2011 *приоритетно*

При изготвување на фишеата"Водоснабдување и одведување на отпадни води " за поправка на водоводот Станци да се испита водоводот и да се внесат потребните параметри. Координација со Никола Граматиков. *Во текот на неделата*

За Филтер станицата за вода, да се направи согледување за потребените работи за доопремување на истата и износ потребен за нејзино доопремување.

Изготвил
И. Додевски

Крива Паланка 11.7.2011 година

| | | | |
|---|---|---|---|
| Душко Арсовски | ________________ | Јаготка Николовска | ________________ |
| Александар Ангелов | ________________ | Татјана Ѓоргиевска | ________________ |
| Добривој Николовски | ________________ | Цане Николовски | ________________ |
| Бранко Велиновски | ________________ | | |